Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 11.05.2020

На 11.05.2020 во 00.30 часот, полициски службеници од СВР Скопје кај езеро Треска го лишиле од слобода Г.Љ.(32) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 10.05.2020 во 14.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје, во Градскиот парк, ги лишиле од слобода А.М.(21) и Н.С.(35), двајцата од Скопје, затоа што при извршен преглед кај нив била пронајдена марихуана, ризли и метална дробилка. По документирање на случајот, против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 08.05.2020 во 13.15 часот полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Радовиш, во содејство со вработени во ЈП „Национални шуми" подружница Радовиш и Шумска полиција Радовиш, во дворно место од куќа сопственост на П.Р. (58), лоцирана на регионален пат Радовиш-Конче, пронашле и одзеле огревни дабови дрва, без соодветна документација. Дрвата се одземени и предадени во ЈП „Национални шуми" Радовиш, а по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 10.05.2020 во 11.35 часот било пријавено дека на магистралниот пат Градско-Прилеп, во близина на с.Дебриште, се случила сообраќајна незгода помеѓу мотоцикл „кавасаки", со прилепски регистарски ознаки, управуван од В.Д.(30) од Прилеп и трактор „масеи фергусон", со кавадаречки регистарски ознаки, управуван од Ј.Б.(51) од с.Дебриште, кавадаречко. По незгодата мотоциклистот бил пренесен во Општата болница Кавадарци за укажување на лекарска помош, каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Велес.

На 09.05.2020 во 11.30 часот полициски службеници од Полициска станица Струмица, во парк лоциран на раскрсница од ул. „Маршал Тито" и ул. „Крушевска" во Струмица, пронашле марихуана. Во Полициска станица Струмица се лишени од слобода Г.М. (32) и А.М. (31), и двајцата од Струмица. По целосно документирање на случајот, ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 10.05.2020 во 12.35 часот било пријавено дека на автопатот Велес–Градско се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „мерцедес", со велешки регистарски ознаки, управувано од К.Е.(56) од с.Сливник и мотоцикл „јамаха РБ", со велешки регистарски ознаки, управуван од Ѓ.П.(21) од Велес. По незгодата мотоциклистот бил пренесен во Општата болница Велес за укажување на лекарска помош, каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Велес.

Во текот на 08, 09 и 10.05.2020 на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје 31 возило е подигнато со специјално возило „пајак".

На 10.05.2020 во 12.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Бутелска" во Скопје, поради претходно случена сообраќајна незгода, дошло до расправија меѓу возачите, при што З.И.(44) од Скопје му упатил закани на З.Н.(51) од Скопје и го оштетил неговото товарно возило „мерцедес", со скопски регистарски ознаки. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.05.2020 околу 09.40 часот во СВР Битола било пријавено дека на паркинг простор пред угостителски објект на ул.„Македонска фаланга" во Битола, еден полициски службеник од невнимание испукал еден куршум од службениот пиштол, при што се самоповредил. Повреденото бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" каде од лекар му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Битола. За настанот е запознаен Јавен обвинител и Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди.

На 10.05.2020 околу 18.00 часот во Полициска станица Прилеп било пријавено дека пред перална на ул. „11 Октомври" во Прилеп, Х.Д.(28) од Прилеп бил физички нападнат од две непознати лица, при што едно од лицата со нож му упатило закани. За случајот е известен Јавен обвинител и се преземаат мерки за расчистување.

На 10.05.2020 во 14.15 часот во Полициска станица Карпош, А.А.(25) од Скопје пријавил дека околу 11.10 часот на бензинска пумпа на подрачје на општина Карпош во Скопје, поради нерасчистени должничко-доверителски односи, бил физички нападнат со боксирач од К.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против Н.Ј.(19) од Делчево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 09.01.2020 на ул. „Гоце Делчев" во Македонска Каменица полициски службеници при извршен преглед кај Н.Ј. пронашле и одзеле марихуана.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против М.Л. (20) од с.Луковица, Македонска Каменица, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 05.01.2020 на ул.„Гоце Делчев" во Македонска Каменица, полициски службеници при извршен преглед на патничко возило, управувано од М.Л. од с.Луковица, Македонска Каменица, кај пријавениот пронашле и одзеле марихуана.

Одделението за внатрешни работи Македонски Брод поднесе кривична пријава против Ш.А.(22) од с.Ливада, Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 27.11.2019 во атар на с.Ижиште, Македонски Брод, полициски службеници, по издадена судска наредба, при преглед на патничко возило „фолксваген голф", во сопственост на пријавениот, пронашле и одзеле марихуана.

СВР Битола поднесе 14 кривични пријави против: Ѓ.Ч.(20), Б.К.(19), В.Н.(19), О.Е.(22), Р.М.(20), С.И.(28), Е.Д.(23), сите седуммина од Битола, В.Р.(32), Е.А.(30), Ф.Р.(34), Џ.Ш.(31), Г.Р.(27), сите петмина од Прилеп, Ш.Р.(38) од Кичево, Т.М.(29) од Кавадарци, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавените во периодот од 04.04.2020 до 06.04.2020 годинане се придржувале кон воведената мерка за ограничено движење.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет